СЕТУ на Град Скопје
„Михајло Пупин“
Скопје

Учебна 2024/2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО УЧЕБНА 2024/2025 ГОДИНА

Август 2025

# СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Реализација на наставата во учебната 2024/2025 година
3. Организација на наставата
4. Реализација на Годишна програма
5. Дополнителна, додатна настава, консултации и друг вид помош на учениците
6. Училишни секции
7. Училишна заедница
8. Совет на родители
9. Материјално-техничка состојба во училиштето
10. Извештај од реализирани активности во учебната 2024/2025 година
11. Безбедност на учениците
12. Извештај за работата на директорот за учебната 2024-2025 година
13. Заклучок
14. Прилог (Извештаи)

## 1. Вовед

Стручното образование е систем кој е засегнат од глобалните трансформациски процеси, кои имаат големо влијание врз Република Северна Македонија во текот на последните децении. Технолошките иновации предизвикаа брзи промени во видот на работни места и содржината на работата во националната економија, со перманентни промени во побарувачката за квалификации и нови вештини; комплексноста на побарувачката за нови вештини на пазарот на труд наметнува нови и флексибилни промени во структурата, организацијата и содржината на стручното образование и обука.

Најголемите предизвици кои беа пред училиштето произлегуваа од одлуката на Министерството за образование и наука да се почне со реализација на сериозните реформски зафати во средното стручно образование, како во образовните профили/квалификации со тригодишно траење на образованието, така и во образовните профили/квалификации со четиригодишно траење на образованието.

Со оглед на начинот на кој се реализираше наставата оваа учебна година, успевме да одговориме на предизвикот и успешно да ги реализираме предвидените наставни содржини, како и постигањата на учениците. Секако дека тука е неминовно да се спомене и дуалното образование во рамки на кое оваа година во ограничени услови за работа, бевме подготвени да одговориме на барањата на бизнис секторот и во таа смисла  комуникацијата и  соработката со фирмите беше на одлично ниво и непречено се реализираше. Горди сме на третата генерација  ученици на образовниот профил Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи, кои успешно го завршија своето образование, а дел од нив се вработија во компаниите, партнери на училиштето.

Исто така не помал беше предизвикот – реализација на воспитно-образовен процес со дуално образование. Всушност, станувaше збор за модел на дуално образование кој го искреиравме заедно со компанијата ЕВН. Учебната 2019/20 година беше период во кој ние како училиште го полагавме сериозниот испит. Докажеме дека имаме способност да обучуваме кадри способни да одговорат на потребите на бизнис секторот. Оваа обука се реализираше со свои специфики кои произлегуваа од барањата на компанијата. Првата генерација електричар-електроинсталатер за електроенергетски мрежи го успешно заврши своето образование, а дел од нив се вработија во компаниите, партнери на училиштето.

Рефомските документи за образовните профили со четригодишно траење на образованието се реализираа во рамките на проектот за МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ТЕХНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ со наслов ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ. Документите изработени и донесени од страна на Министерството за образование и наука, покажуваа дека станува збор за сосема нова концепциска поставеност на средното стручно образование со четиригодишно траење на образованието. Она што пред нас поставуваше сериозни барања во рамките на подготовките за почетокот на новата учебна година, беше тоа што нашето училиште, беше одбрано како едно од пилот училиштата во кое се реализираше новиот концепт на образовниот профил/квалификација електротехничар за компјутерска техника и автоматика. Значи, училиштето требаше да реализира сосема нови наставни програми по сосема нов наставен план во трета година. но и во останатите профили со четиригодишно траење во прва и втора година се реализираше новиот концепт на модуларно образование.

Реформските документи за образовните профили/квалификации со тригодишно и четиригодишно траење на образованието се реализираа во рамките на проектот „Јакнење надоживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образованието на возрасните“, во чии рамки се реализираше и изработката на реформирани наставни програми за образовните профили/квалификациите за 3-годишното стручно образование и обука**.** Токму во рамките на овие реформски зафати СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ ја реализираше, всушност најважната реформа во системот за стручно образование на Република Северна Македонија. Со ова ние покажавме дека ги следиме и даваме сопствен допринос во глобалните текови во средото стручно образование. Имено, на наша иницијатива се изготви наставен план и наставни програми, кои (за првпат) се изработуваа во директна соработка и по мерка на потребите на бизнис секторот, односно компанијата ЕВН.Соработувавме со фирмите Арцелор Миттал, Макстил, Титан цементарница Усје, Глобал секјурити, Ванхол, Viталиа, Раде Кончар ТЕП, Раде Кончар – контактори и Мепсо со кои имаме склучено меморандум за соработка и договори за реализација на практична обука на нашите ученици во нивните компании со цел најдобрите од нив да бидат вработени по завршувањето на образованието.

## 2. Реализација на наставата во учебната 2024/2025 година

Учебната 2024/2025 година започна на 1-ви Септември 2024 година, а активностите се реализираа согласно Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта.

Наставната година за учениците од завршните години заврши на 16.05.2025 година со остварени најмалку 164 наставни денови, а за учениците од незавршните години, наставната година заврши на 10.06.2025 година со остварени 180 наставни денови.

Училиштето во учебната 2024/2025 година реализираше активности на сите полиња на своето верифицирано работење.

Оваа учебна година продолжи воспоставената практика солидните ученици кои завршиле тригодишно образование да го продолжат своето школување со запишување на четврта година во нашето училиште како редовни ученици. Ваквиот пристап донесе позитивни ефекти и резултати, ја подобри мотивираноста и активноста на учениците, а воедно се создадоа услови за подобрување на квалитетот на излезниот кадар од училиштето.

Ученици кои се запишале со завршено тригодишно во четиригодишно траење на

образование за учебната 2024/2025 година

| Училиште | Број на ученици |
|---|---|
| СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ | **8** |
| [redacted] | |

Со реализацијата на предвидените наставни планови и програми во 2024/2025 година, редовните ученици своето стручно образование го стекнуваа во следниве образовни профили/квалификации:

***Образовни профили/квалификации со четиригодишно траење на образованието:***

| | |
|---|---|
| Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи |
| Електротехничар за електроника и телекомуникации | |
| Електротехничар енергетичар | |

***Образовни профили/квалификации со тригодишно траење наобразованието:***

Во учебната 2024/2025 година наставата беше организирана во 35 паралелки, во кои своето знаење го стекнуваа ученици со различна етничка припадност.

| Бр.на ученици | македонци | албанци | турци | роми | бошњаци | срби | власи | мак.муслим |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 892 | 728 | 14 | 17 | 9 | 40 | 12 | 0 | 6 |

- Табеларен преглед на организацијата на наставата и постигнатиот успех:

**Прва година**

| Реден број | Паралелка | Образовен профил | Број на ученици | Класен раководител | Год. на траење на образованието |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I - 1 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 18 | Проф. Силвија Николовска | 4 |
| 2 | I - 2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 18 | Проф. Биљана Ристевска | 4 |
| 3 | I - 3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 22 | Проф. Владимир Спасовски | 4 |
| 4 | I - 4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 23 | Проф. Мирјана Лазороски | 4 |
| 5 | I - 5 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 25 | Проф. Ангела Магдеска | 4 |
| 6 | I - 6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 26 | Проф. Ања Манчевска Илиеска | 4 |
| 7 | I - 7 | Електротехничар енергетичар | 16 | Проф. Ивана Јосифовска | 4 |
| 8 | I - 8 | Електротехничар енергетичар | 18 | Проф. Јосипа С. Наумовска | 4 |
| 9 | I - 9 | Електричар-електромонтер за електроенергетски мрежи | 14 | Проф. Слободанка Димковска | 3 |
| Вкупно ученици во I година 180 | | | | | |

**Втора година**

| Реден број | Паралелка | Образовен профил | Број на ученици | Класен раководител | Год. на траење на образованието |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | II - 1 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 15 | Проф. Гордана Дамјаноска | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | II - 2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 16 | Проф. Илија Ристовски | 4 |
| 3 | II - 3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 33 | Проф. Анита К. Мијовска | 4 |
| 4 | II - 4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 30 | Проф. Васка А.Савеска | 4 |
| 5 | II - 5 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 32 | Проф. Анче Митровска | 4 |
| 6 | II - 6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 29 | Проф. Миланчо Иванов | 4 |
| 7 | II - 7 | Електротехничар енергетичар | 21 | Проф. Марија Б.Цветановска | 4 |
| 8 | II - 8 | Електротехничар енергетичар | 22 | Проф. Тина Ѓошева | 4 |
| 9 | II - 9 | Електричар-електромонтер за електроенергетски мрежи | 15 | Проф. Ана Б.Коколанска | 3 |
| Вкупно ученици во II година **213** | | | | | |

**Трета година**

| Реден број | Паралелка | Образовен профил | Број на ученици | Класен раководител | Год. на траење на образованието |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | III - 1 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 24 | Проф. Наташа Божиновска | 4 |
| 2 | III - 2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 32 | Проф. Сенад Сејфиќ | 4 |
| 3 | III - 3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 33 | Проф. Билјана Божиновска | 4 |
| 4 | III - 4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 33 | Проф. Анѓелка Андрески | 4 |
| 5 | III - 5 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Проф. Моника Талеска | 4 |
| 6 | III - 6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Проф. Гордана Лазоска | 4 |
| 7 | III - 7 | Електротехничар енергетичар | 19 | Проф. Марко Арсовски | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | III - 8 | Електротехничар енергетичар | 20 | Проф. Лидија Буровска | 4 |
| 9 | III - 9 | Електричар-електромонтер за електроенергетски мрежи | 14 | Проф. Ленче Спасовска | 3 |
| 10 | III - 10 | Електричар-електромонтер за електроенергетски мрежи | 12 | Проф. Горан Младеновски | 3 |
| Вкупно ученици во III година **256** | | | | | |

**Четврта година**

| Реден број | Паралелка | Образовен профил | Број на ученици | Класен раководител | Год. на траење на образованието |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | IV - 1 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 20 | Проф. Јелена С. Јосифовска | 4 |
| 2 | IV - 2 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 32 | Проф. Гордана Наумовска | 4 |
| 3 | IV - 3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 28 | Проф. Поликсена Митева | 4 |
| 4 | IV - 4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 33 | Проф. Софија Темкова | 4 |
| 5 | IV - 5 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 32 | Проф. Маја Миневска | 4 |
| 6 | IV - 6 | Електротехничар енергетичар | 15 | Проф. Снежана Алексовска | 4 |
| 7 | IV - 7 | Електротехничар енергетичар | 16 | Проф. Александар Бујуковски | 4 |
| Вкупно ученици во IV година **176** | | | | | |

## Редовност на учениците на крајот на наставната 2024/2025 година

| I год. | Оправ дани | Неопра вдани | Вкуп но | Број на ученици | Просек | II год. | Опра вдани | Неопра вдани | Вкуп но | Број на ученици | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 1565 | 68 | 1633 | 18 | 90 | II-1 | 703 | 54 | 757 | 15 | 50 |
| I-2 | 1271 | 60 | 1331 | 18 | 73 | II-2 | 1852 | 96 | 1948 | 16 | 130 |
| I-3 | 708 | 41 | 749 | 22 | 34 | II-3 | 1772 | 86 | 1858 | 33 | 56 |
| I-4 | 2158 | 72 | 2230 | 23 | 97 | II-4 | 2115 | 110 | 2225 | 30 | 70 |
| I-5 | 807 | 5 | 812 | 25 | 32 | II-5 | 1600 | 127 | 1727 | 32 | 54 |
| I-6 | 1023 | 30 | 1053 | 26 | 41 | II-6 | 2923 | 177 | 3100 | 29 | 103 |
| I-7 | 1269 | 139 | 1408 | 16 | 83 | II-7 | 2210 | 115 | 2325 | 20 | 110 |
| I-8 | 1354 | 71 | 1425 | 18 | 79 | II-8 | 2486 | 167 | 2653 | 23 | 120 |
| I -9 | 1602 | 177 | 1779 | 14 | 127 | II - 9 | 1797 | 54 | 1851 | 15 | 123 |
| | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 11860 | 587 | 12447 | 180 | 69 | | 17458 | 986 | 18444 | 213 | 86 |
| III год. | Оправ дани | Неопра вдани | Вкуп но | Број на ученици | Просек | IV год. | Опра вдани | Неопра вдани | Вкуп но | Број на ученици | Просек |
| III-1 | 2695 | 192 | 2887 | 24 | 120 | IV-1 | 2120 | 186 | 2306 | 20 | 115 |
| III-2 | 4180 | 127 | 4307 | 32 | 135 | IV-2 | 2724 | 184 | 2908 | 32 | 91 |
| III-3 | 2778 | 129 | 2907 | 33 | 85 | IV-3 | 1664 | 80 | 1744 | 28 | 62 |
| III-4 | 2484 | 227 | 2708 | 33 | 82 | IV-4 | 1980 | 155 | 2135 | 33 | 65 |
| III-5 | 1973 | 142 | 2115 | 34 | 62 | IV-5 | 2806 | 144 | 2950 | 32 | 92 |
| III-6 | 2677 | 204 | 2881 | 34 | 84 | IV-6 | 1230 | 138 | 1368 | 15 | 91 |
| III-7 | 2624 | 192 | 2816 | 19 | 141 | IV-7 | 2268 | 135 | 2403 | 16 | 150 |
| III-8 | 2056 | 209 | 2265 | 20 | 113 | | | | | | |
| III-9 | 1389 | 77 | 1466 | 14 | 104 | | | | | | |
| III-10 | 759 | 105 | 864 | 12 | 72 | | | | | | |
| Вкупно | 23609 | 1601 | 25210 | 256 | 98 | Вкупно | 14792 | 1022 | 15814 | 176 | 90 |

## Среден успех по паралелки на крајот на наставната 2024/2025 година

| Реден број | Клас | Клас | Клас | Клас | Клас | Клас | Клас | Клас | Клас | Клас | Среден успех по година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просек | Просек | Просек | Просек | Просек | Просек | Просек | Просек | Просек | Просек | |
| I | I-1 3.41 | I-2 3.30 | I-3 4.41 | I-4 3.52 | I-5 4.17 | I-6 3.96 | I-7 2.87 | I-8 3.38 | I-9 3.16 | | 3.50 |
| II | II-1 2.95 | II-2 3.05 | II-3 3.94 | II-4 3.88 | II-5 3.18 | II-6 3.3 | II-7 3.41 | II-8 2.79 | II – 9 2.72 | | 3.20 |
| III | III-1 3.25 | III-2 3.28 | III-3 3.91 | III-4 3.69 | III-5 3.97 | III-6 3.69 | III-7 3.01 | III-8 3.19 | III – 9 2.9 | III – 10 2.65 | 3.15 |
| IV | IV-1 2.79 | IV-2 3.77 | IV-3 3.74 | IV-4 3.92 | IV-5 4.33 | IV-6 3.6 | IV-7 3.45 | | | | 3.65 |
| Среден просек | | | | | | | | | | | **3.4** |

## 3. Организација на наставата

Воспитно-образовниот процес оваа учебна година се реализираше во две смени и тоа прва смена со почеток од 07:30 часот, а втора смена со почеток во 13:20 часот. Учениците од прва и втора година започнаа со прва смена, а учениците од трета и четврта година втора смена и се менуваа на две недели.  Времетраењето на наставните часови беше 45 минути, со враќање на претходно востановената практика на кабинетска настава.

Распоредот на часовите за учебната 2024/2025 година е направен на крајот на месец август и истиот неколку пати во текот на учебната година претрпе промени заради недостаток на стучен наставен кадар, прекин на работен однос на наставници, нови вработувања, ангажман на професорите во други училишта односно професори кои се ангажирани од други во нашето училиште и сл.

Голем дел од предметните наставници до крај на месец Септември 2024 година ги доставија годишните глобални и тематски планирања до педагошко-психолошката служба (од вкупно 58 наставници  доставиле планирања вкупно 57, а 1 не доставил).

Годишните глобални, тематски и дневни планирања беа доставувани во електронска форма.

Кај поголем дел од наставниците предадените планирања беа целосни, односно содржеа (глобално годишно планирање, тематски  планирања за секоја тема и планирање на наставен час од секоја тема, страндарди и критериуми за оценување, програма за додатна и дополнителна настава, програма за класен раководител, планирање на содржини програмирани од училиштето – за наставниците кои реалзиираат ваков вид настава), додека помал дел наставниците предале делумни планирања ( глобално годишно планирање, тематски  планирања за една или за секоја тема и планирање на еден наставен час или без планирања за наставен час и без дел од останатите планирања, наведени погоре).

Работењето на средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“- Скопје во учебната 2024/25 година, може да се оцени дека е успешно. Реализацијата на наставата по реформирани наставни програми и добар упис на ученици во прва година со солиден влезен успех,  упатува кон тоа дека  се создаваат услови во училиштето да се работи со квалитетни ученици, што е неопходност за постигнување квалитет во електротехничката струка/сектор и продуцирање кадри кои веднаш ќе се вклучат во процесот на труд. Ова се причините поради кои сметаме дека зад нас е успешна 2025/2026 учебна година.

## 4. Реализација на Годишната програма

Развојниот тим на училиштето за учебната 2024/2025 година ги утврди следните развојни цели:

1. **Отворање на нов профил Мултимедија**
2. **Осовременување на инвентарот и опремата во лабораториите**
3. **Унапредување на воспитно-образовниот процес во училиштето**
4. **Екологија**

## 5. Дополнителна, додатна настава консултации и друг вид помош на учениците

Во учебната 2024/2025 година дополнителна и додатна настава се реализираше согласно Законот за средното образование. Водејќи се од досегашното искуство за организирање и реализирање дополнителна настава, која е поддржана и од родителите, и оваа година се реализираше плански со точно утврдени термини дефинирани од страна на предметните наставници. Во врска со реализацијата на овој вид настава, важно е да се напомене дека многу е мал интересот на ученците за присуство на часовите по дополнителна и додатна настава.

Со распоредот за одржување на дополнителната и додатната настава, училиштето ги информираше учениците преку класните раководители, предметните наставници и стручната служба. Педагошко-психолошката служба во рамки на своите работни задачи реализираше посета на часови, два пати во текот на учебната година, односно по еднаш во секое полугодите. Покрај следење на редовната настава, исто така акцент беше ставен и на реализација на додатна и дополнителна настава. Во однос на реализација на овој вид настава, беше укажано дека треба редовно да се реализира и евидентира во Дневниците за работа на паралелка.

Консултациите и другите форми на помош за подготвување на учениците за полагање на поправните испити се организираа во планираните рокови според Календарот за работа на јавните училишта како и пред секоја сесија за вонредните испити во предвидените рокови.

Организирањето на додатната настава е во доменот на планирањето на работата на стручните активи, а дел од предвидените активности се дадени во годишните програми за работа на активите. Додатната настава се организираше и реализираше со цел учениците да ги продлабочат своите знаења од области за кои тие покажуваат особен интерес, а на голем дел од учениците ваквиот начин на настава им помогна да постигнат солидни резултати на различните натпревари во знаење.

## 6. Училишни секции

До стручната служба беа доставени Годишни програми за работа на секцијата по Англиски јазик која ја води професорката Моника Талеска и секцијата по спорт која ја водат наставниците Марко Арсовски и Илија Ристовски. Секцијата по Англиски јазик има реализирано неколку активности со заинтересирани ученици. Во учебната 2024/2025 година, учениците во рамки на англиската секција, најинтензивно работеле на одбележување на празници значајни за англискита култура со сопствени идејни решенија и оплеменување на училниците со нагледни средства, со цел разубавување на просторот во кабинетите по англиски јазик, ходниците и холовите во училиштето.

## 7. Училишна заедница

Средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“ во оваа учебна 2024/2025 година со цел подобрување на климата во училиштето, за подобрување на успехот и редовноста на учениците и заради организирање разни активности, манифестации и сл, се организираа средби со Училишната заедница.

Оваа заедница работи по одредена програма, но и по потреба, на барање на паралелката со цел да ги мобилизира, мотивира и насочува учениците во текот на учебната година. На

состаноците на училишната заедница се дискутираше за повеќе сегменти од училишниот живот, учениците ги искажаа своите идеи, потреби и размисли за подобра организација и атмосфера во училиштето,. Искуството од работата на Училичната заедница е позитивно и продуктивно. На состаноците произлегуваат свежи идеи за коишто вреди да се размислува и кои можат многу да придонесат во насока на подобрување на училишната клима. Својата работа и активности Училишната заедница ја остварува преку спроведување на претходно изготвена *Програма за работа* во која се опфатени неколку цели и задачи што ја сочинуваат и од кои зависи успешноста на реализирањето на воспитно-образовната дејност во училиштето.

## 8. Совет на родители

Еден од најзначајните сегменти за успешното работење на училиштето е активната вклученост и максимална поддршка од Советот на родители. Со своето залагање Советот на родители во изминатата учебна 2024 / 2025 година активно учествуваше во состаноците и стана коректор и активен креатор на целокупната училишна атмосфера. За остварување на своите потреби и за реализирање на правата и должностите на учениците, во училиштето се организирани Совети на родители на ниво на години (од секој паралелка по еден претставник) и на ниво на училиште. Изборот и конституирањето на Советите на родители се врши на почетокот на секоја учебна година. Редовните состаноци се одржуваат на почетокот на учебната година и по секое тримесечие. На состаноците на дневен ред покрај успехот и поведението на учениците особено внимание се посочува и на квалитетот на воспитно-образовниот процес, најголем акцент оваа учебна година беше ставен на проблеми со кои се соочуваат учениците при реализирање на наставата под специфични услови, како и потешкотии при постигање на знаења . Позитивната енергија која преовладува на состаноците се пресликува и во работата на училиштето. Нивните ставови понекогаш влијаат и врз конечните одлуки, како на пример донесувањето на одлука за изведување на училишните екскурзии.

Советите се свикуваат на иницијатива на директорот на училиштето, но и по потреба, на барање на паралелката со цел следење, мотивирање и насочување на учениците во текот на учебната година. Во оваа учебна година состаноците на Советот на родители се одржуваа редовно во присуство на директорот и психологот на училиштето, а како позначајни точки на дневниот ред беа:

- Запознавање на родителите со наставните планови и програми за сите образовни профили кои се изучуваат
- Запознавање на родителите со Годишната програма за работа на училиштето за тековната учебна година
- Запознавање на родителите со начинот на реализирање на наставата
- Разгледување на постигнатиот успех, редовноста и поведението на учениците во текот на учебната година
- Предлагање и преземање конкретни предлог мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците во услови на пандемија
- Организирање и реализација на вонннаставни активности и екскурзии

## 9. Материјално-техничка состојба во училиштето

Во учебната 2024/2025 година, настава по реформирани наставни програми се реализираше во образовните профили со четиригодишно траење на образованието:

- Електротехничар за компјутерска техника и автоматика I, II, III и IV година;

- Електротехничар за електроника и телекомуникации и електротехничар енергетичар I II, III и IV година;

- Електротехничар енергетичар I, II година

и образовниот профил со тригодишно траење на образованието

- Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи во сите години.

При реализација на предвидените програми се пристапи кон сериозна подготовка и обезбедување на квалитетни материјално-технички услови, кои овозможија непречено и квалитетно реализирање на содржините предвидени со наставните прогрми за сите ученици со три и четригодишно траење на образованието.

## 10. Извештај од реализирани активности во учебната 2024/2025 година

- <u>**Септември**</u>

**12-13.09.2024** година

Учесник на **Годишно собрание на МАССУМ** во Кавадарци, Софија Темкова.

**16.09.2024 – 20.09.2024** година

Учество на **Erasmus+ проект “AI & Sustainability in VET Education”** во Истанбул, Турција, обука на тема Raspberry Pi и програмирање во Python учесници: Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиевска, Дијана Трајкоска и Анѓелка Андрески (координатор).





**18-**ти **септември 2024** година

Донација на Развојни Микропроцесорски Системи потребни за практичните лабораториски вежби на учениците во СЕТУ Михајло Пупин – Скопје која е дел од проектот Технологија за Тебе со цел унапредување на образовната инфраструктура и поттикнување на иновацијата меѓу младите техничари и инженери.





**24**-ти и **25**-ти **септември 2024** година

Присуство на **Тренинг 6: Вештини за дигитална писменост во училница – основен**, во организација на ГОПА, On-line предавање, во траење од 10 часа, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анче Митровска, Ања Манчевска Илиеска, Билјана Божиновска, Марија Барутовска Цветановска, Билјана Божиновска, Иван Илијев, Ивана Јосифовска, Ирена Караташева, Гордана Наумовска, Поликсена Митева, Снежана Алексовска, Соња Д’митровиќ, Тамара Боровска, Јосипа С. Наумовска.

**25-**ти **септември 2024** година

Учество на **конференција „The VET Circle: Schools - Students – Companies“** во Меморијален центар Фондација “Никола Кљусев” со ученици од прва година, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиевска, Анѓелка Андрески и Ивана Јосифовска.



**26 септември 2024** година

Присуство на **Тренинг 7: Имплементација на националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средното образование**, Ивана Јосифовска, Марија Барутовска Цветановска, Фросина Спасевска Микулчиќ и Тамара Боровска.

**26 септември 2024** година

Обука за **ПИСА училишни координатори**, онлајн преку платформата Microsoft Teams, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ана Б. Коколанска.

**27**-ми и **30**-ти **септември 2024** година

Присуство на **Тренинг 3: Инклузивна педагогија во организација на ГОПА**, On-line предавање, во траење од 10 часа. Гордана Наумовска, Ирена Караташева, Фросина Спасевска Микулчиќ и Марија Барутовска.

**29.09-04.10.2024** година, Торбали, Измир, Турција

Мобилност во рамки на **Еразмус+ проектот Our Green Heritage Awareness**, со учениците Михаил Исијановски и Даријан Антовски III-4 , Јована Јовановска III-3 и Михаела Сталеска IV-5. Анѓелка Андрески.

**30**-ти **септември 2024** година

Учество во **Работилница: „Energy transition through gender lens: Beyond rhetoric and towards results”** во организација на ЕВН, Наташа Божиновска.

- **Октомври**

**01**-ви **октомври 2024** година

Учество на директорот Димитар Ѓорѓиев на **панел дискусија** во Јајце -Босна и Херцеговина каде учество земаа училишта од Босна и Херцеговина, Србија и од Македонија. СЕТУ Михајло Пупин доби уште едно партнер училиште за меѓународна соработка, Јавна установа Техничка средња школа Тешањ - Босна и Херцеговина со кое се потпиша **меморандум за соработка** за размена на ученици, учество во проекти, размена на наставници и искуства во образовниот процес. Партнер училишта на СЕТУ Михајло Пупин - Скопје: ЕТШ Михајло Пупин од Нови Сад - Србија; Техничка школа Крањ - Словенија; Техничка школа Руџер Бошкович - Винковци – Хрватска; ЕТШ Земун – Србија; Мешовита школа Младост Зеница - БИХ; Техничка школа - Зеница - БИХ и Техничка средња школа -Тешањ – БИХ.



**07**-ти **октомври 2024** година

Присуство на **Тренинг 5: Дигитална технологија во фокусот на учениците од магинализирани групи**, во траење од 5 часа, во организација на ГОПА, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анѓелка Андрески, Дијана Трајкоска, Ања Манчевска Илиеска, Анче Митровска, Билјана Божиновска, Наташа Божиновска, Владимир Магдески, Ирена Караташева, Јасминка Димовска, Ивана Јосифовска, Марија Барутовска Цветановска, Иван Илијев, Моника Талеска, Јелена Стојановиќ Јосифовска, Гордана Наумовска, Силвија Николовска, Слободанка Димковска, Маја Наумовска, Сенад Сејфиќ, Поликсена Митева, Фросина Спасевска Микулчиќ, Снежана Алексовска, Соња Д’митровиќ, Тамара Боровска, Јосипа С. Наумовска.

**08**-ти **октомври 2024** година

Присуство на **Тренинг 2: Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење**, во траење од 5 часа, во организација на ГОПА, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиеска, Билјана

Божиновска, Марија Барутовска Цветановска, Сенад Сејфиќ, Дијана Трајкоска, Наташа Божиновска, Иван Илијев, Поликсена Митева, Тамара Боровска, Гордана Наумовска.

**08**-ти **октомври 2024** година

Учество во **Работилница: „Придонес кон геополитичката димензија на Европската образовна област Западен Балкан и земјите од соседството”**, во организација на ЦСОО, Наташа Божиновска.

**08 октомври 2024** година

Одбележување на **Патрониот празник на училиштето.**









**08-15 октомври 2024** година

**ПИСА 2024/2025 пробно тестирање**, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ана Б. Коколанска, Ленче Спасовска.

**09**-ти **октомври 2024** година

Учество на **дисеминација за Erasmus + проект "AI & Sustainability in VET Education"**, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиевска, Дијана Трајкоска и Анѓелка Андрески, Поликсена Митева, Елена Стојановска, Марија Барутовска, Тамара Боровска, Билјаба Божиновска, Ивана Јосифовска, Анче Митровска, Гордана Наумовска и Снежана Алексовска.




**09-10 октомври 2024** година

Присуство на **Тренинг 8: Вештини за дигитална писменост во училница - напреден**, во организација на ГОПА, во траење од 10 часа, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анѓелка Андрески, Ања Манчевска Илиеска, Анче Митровска, Билјана Божиновска, Васка Ангелковска Савеска, Гордана Дамјаноска, Наташа Божиновска, Гордана Наумовска, Анѓелка Андрески, Владимир Магдески, Софија Темкова, Јасминка Димовска, Ивана Јосифовска, Јелена Стојановиќ Јосифовска, Моника Талеска, Јосипа С. Наумовска, Иван Илијев, Дијана Трајкоска, Маја Наумовска, Сенад Сејфиќ, Поликсена Митева, Снежана Алексовска, Силвија Николовска, Слободанка Димковска, Тамара Боровска, Соња Д’митровиќ, Марија Барутовска Цветановска.

**14**-ти **октомври 2024** година

Учесник на **регионална работилница: Планирање на натпреварите за МАССУМ „Образовно Рандеву 2025“**, Софија Темкова

**15**-ти **октомври 2024** година

Присуство на **Тренинг 9: Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми**, во организација на ГОПА, во траење од 5 часа, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анѓелка Андрески, Ања Манчевска Илиеска, Билјана Божиновска, Билјана Божиновска, Гордана Дамјаноска, Марија Барутовска Цветановска, Дијана Трајкоска, Ивана Јосифовска, Иван Илијев, Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески, Маја Наумовска, Јосипа С. Наумовска, Софија Темкова, Гордана Наумовска, Сенад Сејфиќ, Поликсена Митева, Слободанка Димковска, Тамара Боровска, Соња Дмитровиќ,Јелена Стојановиќ Јосифовска.

**21**-ви **октомври 2024** година

Присуство на **Тренинг 3: Инклузивна педагогија**, Фросина Спасевска Микулчиќ.

**24**-ти **октомври 2024** година

Присуство на **Тренинг 5: Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи**, во организација на ГОПА, (во траење од 5 часа), Поликсена Митева, Сенад Сејфиќ, Силвија Николовска, Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески, Дијана Трајкоска, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анче Митровска, Владимир Магдески, Иван Илијев, Ивана Јосифовска, Ирена Караташева, Јасминка Димовска, Слободанка Димковска, Тамара Боровска, Фросина Спасевска Микулчиќ, Снежана Алексовска, Соња Д’митровиќ, Јелена Стојановиќ Јосифовска, Маја Наумовска, Марија Барутовска Цветановска, Моника Талеска, Јосипа С. Наумовска, Ања Манчевска Илиеска, Гордана Наумовска.

**25**-ти **октомври 2024 година**, Скопје

Во организација на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука во Р.С. Македонија, на **работилницата за вмрежување на Координаторите за учење преку работа од сите среди стручни училишта во нашата држава**, во рамките на проектот „Обезбедување

квалитет во работата на Координатиорите за учење преку работа“ спроведуван од ОеАД Австрија присуствуваше координаторот Наташа Божиновска.

**26**-ти **октомври 2024** година, Пехчево

На **60-от Државен натпревар на млади истражувачи - Наука на млади**, ученикот Борјан Стојчевски од III 3 за освои **прво место** под менторство на Гордана Наумовска а ученикот Филип Спиров од II 3 освои **второ место** во областа иновации под менторство на Наташа Божиновска.

**Член во оценувачка комисија** во област конструкторство, Наташа Божиновска и Гордана Наумовска.




**31**-ви **октомври 2024** година

Учество на обука **Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки**, во организација на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност во траење од 2 часа, Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески, Сенад Сејфиќ, Тамара Боровска, Марија Барутовска, Софија Темкова, Гордана Наумовска.

- ## <u>Ноември</u>

**04.11.2024 -08.11.2024** година

**Натпревар Дабар – информатичко размислување** со класови II-3,4,5,6 и III-4,6. Анѓелка Андрески

**18.11.2024 – 22.11.2024** година, Атина

Учество на **Erasmus +проект “AI & Sustainability in VET Education**”. Обука на тема Face recognition, Object detection, GitHub, учесници: Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиевска, Дијана Трајкоска и Анѓелка Андрески

**19**-ти **ноември 2024** година

Присуство на **LEAD вебинар „Моќта на вештачката интелигенција: како да ја искористите за ваши професионални цели?“**, Фросина Спасевска Микулчиќ и Ленче Спасовска.

**21**-ти **ноември 2024** година

Присуство на **LEAD вебинар „Изгради го твојот бренд: вештини за самопромоција и фриленсинг“**, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ленче Спасовска и Гордана Наумовска.

**25.11.2024 – 26.11.2024** година

**Учество на Саем за креативни индустрии во Лабораториум Скопје со ученици од прва и втора година од тимот Eco-Smell,** Ангела Магдеска








**26**-ти **ноември 2024** година

Присуство на **LEAD вебинар „Онлајн безбедност: како да се заштитиме во дигиталниот свет?“**, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ленче Спасовска и Наташа Божиновска.

**26**-ти **ноември 2024** година

Со пријателски фудбалски натпревар свечено се отвори спортското игралиште за мал фудбал.



**28**-ми **ноември 2024** година

Присуство на **LEAD вебинар „Разбирање на финансиите: основи на финансиската писменост“**, Фросина Спасевска Микулчиќ и Ленче Спасовска.

**28**-ми **ноември 2024** година

Работна средба во Големата Сала на Советот на Град Скопје, на која се дефинираат идните **чекори на заедничките психосоцијални и превентивни акции**. Фросина Спасевска Микулчиќ.

- **<u>Декември</u>**

**05**-ти **декември 2024** година

Посета на компанијата Johnson Matthey каде учениците се запознаа со процесот на производство. Делтално беа запознаени со една производна линија каде им беше презентирано блокадната заштита и целокупната автоматизација на линијата. Со оваа посета учениците имаа можност да видат примена на теоретските знаења, практично во реални услови. Наставници: **Марија Барутовска и Гордана Наумовска.**






**05**-ти **декември 2024** година

Семинар за **дигитални компетенции и информатичко размислување** (Учење во дигитална околина – PISA), во просториите на ФИНКИ во организација на БРО и Здружение на информатичари на Македонија. Анѓелка Андрески

**15.12.2024 -17.12.2024** година

**Посета на ученици, професори и директори од 4 школи и еден интернат од Босна и Херцеговина (Зеница, Тешањ и Какањ)** во нашето училиште-прошетка низ Скопје, прошетка во нашето школо и посета на ХЕЦ Матка, Марија Барутовска, Дијана Трајкоска, Сенад Сејфиќ, Слободанка Димковска.








**17**-ти **декември 2024** година

**ЕдуЛаб вебинар „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери и добри пракси“** во траење од 2 часа, Наташа Божиновска, Софија Темкова, Гордана Наумовска.

**18**-ти **декември 2024** година

**Завршен настан на проектот „Обезбедување квалитет во работата на Координаторите за учење преку работа“** спроведуван од ОеАД Австрија на кој се доделуваа сертификати на Координаторите за учење преку работа од страна на Лузим Алиу Заменик Министер за образование и наука на РСМ и Мартин Памер, Амбасадор на Р. Австрија во РСМ, координатор Наташа Божиновска.

- **<u>Јануари</u>**

**15.01.2025** година

Еднодневната обука за **„Развој на зелени и претприемачки вештини“** и подготовка за натпреварот „Најдобар бизнис концепт за зелени иновации 2025“, на MS Teams платформата во организација на Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ), Скопје (5 часа) Марија Барутовска, Софија Темкова

**13.01.2025 - 24.01.2025** година

Обука во Гозо, Малта во рамки на Еразмус+ проект ICT MaN – Проектен менаџмент и информациско комуникациски технологии, Анѓелка Андрески, Лидија Буровска, Горан Младеновски и Антоние Оносимоски

**24.01.2025 - 25.01.2025** година

Учество на Хуманитарна акција на плоштадот во Скопје, организирана од Град Скопје со тимот Eco- Smell и учениците Милева Додиќ, Рефка Кантурова, Матеј Каевиќ, Санел Дражанин, Андреј Тодоровски, Јосиф Бурмузоски, Матеј Димевски, Андреј Јордановски, Давид Денковски и Матеј Станимировиќ, Ангела Магдеска

**31.01.2025** година

**Општински натпревар по математика** одржан во просториите на СЕТУГС “Михајло Пупин”. Учество земаа учениците: Марко Бишкоски 3-3 (освоена прва награда), Борјан Стојчевски 3-3, Сердар Цветков 3-4, Мухамед Ченгиќ 3-4 (освоена пофалница), Симон Стојковски 3-4, Ива Јангеловска 3-1 и Василиса Курзакова 3-5, ментор Билјана Божиновска

- **<u>Февруари</u>**

Во соработка со Град Скопје во училиштето е опремена сензорна соба.






**01.02.2025** година

Учество на обука со наслов: „SHIELD: Практично учење преку симулација на игра за подобрување на вештините за сајбер безбедност“ во организација на Центар за иновации и дигитална едукација, ДИГ-ЕД, Дијана Трајкоска





**14.02.2025** година

Посета во училиштето од страна на основачот на Браинстер академија-презентација на учениците од четврта година. Предавање од Петар Ниновски основач на Браинстер за учениците за значењето на вештачката интелигенција во светот и кај нас.

**15.02.2025** година

**На регионалниот натпревар по математика,** во просториите на ПМФ, Скопје, учествуваа учениците Марко Бишкоски и Мухамед Ченгиќ, ментор Билјана Божиновска.

Ученичката Ива Бошевска освои **100 поени** под менторство на Гордана Дамјановска.

**20.02.2025** година

Училишен натпревар за квалификација електротехничар за компјутерска техника и автоматика од електротехничка струка, учесници: Сердар Цветков, Филип Арсовски, Зоран Колевски, Дарко Вуловски III-4, Филип Величковски, Даријан Котевски III-6, Борјан Стојчевски, Јане Мајновски, Марко Бишкоски, Михаил Раичевиќ III-3 и Василиса Курзакова III-5. На регионален се пласираше Сердар Цветков од III-4. Организација, изработка на тестови и прегледување: Анѓелка Андрески, Софија Темкова, Поликсена Митева, Иван Илијев, Гордана Наумовска

**22.02.2025** година

Посета на ХАКАТОН во просториите на Браинстер со учениците од четврта година, Јосипа С. Наумовска

**24.02.2025** година

Училишен натпревар по Програмирање , учесници: Сердар Цветков III-4, Филип Величковски III-6, Ива Бошеска, Марио Додевски, Никола Пецевски II-3, Онур Шабан II-6. Анѓелка Андрески

➢ **Март**

**01.03.2025** година

Регионален натпревар по Програмирање МЕНДО, ученици: Филип Величковски III-6 – освоено 3 место, Сердар Цветков III-4– освоено 3 место, Онур Шабан II-6 – освоено 3 место. Ментор Анѓелка Андрески

**04.03.2025** година

Снимање промотивно видео за училиштето, ученици: Нина Славевска 1-6, Вања Петровиќ 1-3, Јован Антовски 1-3, Зивкица Гицева 3-6, Викторија Којциновиќ 3-6, Никица Јордановска 2-4, Емил Аљоски 1-8, Едита Кантурова 2-3, Ива Босеска 2-3, Лорен Гјорсовски 4-3, Сердар Цветков 3-4, Матеј Станимировиќ 2-7, Матеј Каевикј 2-7, наставник Јосипа С. Наумовска

**15.03.2025** година

Општински натпревар по англиски јазик ,,ЕЛТАМ“.

- Учениците Милева Додиќ 1-5 освои второ место, Вања Петровиќ 1-3 освои второ место, ментор Ивана Јосифовска.
- Учениците Борјан Ивановски и Онур Шабан освоија трето место под менторство на Васка А. Савеска

**22.03.2025** година

Државен натпревар по Програмирање – МЕНДО, ученици: Филип Величковски III-6 -освоено III место на државен натпревар и Сердар Цветков III-4 – пофалница за успешно учество на државен натпревар. Ментор Анѓелка Андрески

**28.03.2025** година

Во организација на Град Скопје и училишен спорт на Македонија се одржа финален турнир во ракомет каде освоивме **прво место**, тренер на екипата проф. Марко Арсовски

- **Април**

**07.04.2025 -12.04.2025** година

**Училишната екскурзија за трета година** на релација Скопје-Прага-Дрезден-Виена-Скопје, Билјана Божиновска, Илија Ристевски и директор Димитар Ѓорѓиев

**07.04.2025 -11.04.2025** година

Нашето училиште СЕТУГС "Михајло Пупин", беше домаќин на ученици и професори од Романија , Шпанија и Турција, во рамки на Еразмус+ проектот Our Green Heritage Awareness, во чии рамки се реализираше посета на хидроцентралата Матка, кањонот Матка, градот Охрид и Охридското Езеро и Милениумскиот крст на Водно, организирање на еко-работилница со тимот Eco-Smell. Координатор на проектот - Анѓелка Андрески, Ивана Јосифовска, Ангела Магдеска.

Настап концерт на македонски песни за гостите од Еразмус проектот, диригент Јосипа С. Наумовска

**12.04.2025** година

Учество и пласман во финале на натпревар Најдобар бизнис концепт за зелени иновации, во организација на Машински факултет – Скопје, со учениците Филип Спиров, Борјан Ивановски, Ива Бошеска и Марио Додевски од II-3 клас, Ментор Анѓелка Андрески

**14.04.2025** година

Регионален натпревар по англиски јазик „ЕЛТАМ’’, Милева Додиќ 1-5 освои трето место, Вања Петровиќ 1-3 освои второ место, ментор Ивана Јосифовска. Учениците Борјан Ивановски и Онур Шабан освоија второ место под менторство на Васка А. Савеска

**24.04.2025 -25.04.2025** година

Информирање и пријавување на натпреварувачи и ментори за Образовно рандеву 2025, организација на интерна селекција за натпреварите Постер и Фотографија; учесник на дводневниот настан во Кавадарци со 20 ученици и професор Илија Ристовски, Софија Темкова

- Освоено **Трето место** во категорија REEL (кратко видео) на Образовно рандеву 2025, ученик Давид Исоски, ментор Софија Темкова.
- Освоено **Трето место** во категорија Web страна на Образовно рандеву 2025, ученик Борјан Ивановски, ментор Анѓелка Андрески.
- Освоено **Трето место** во категорија најдобар постер на Образовно рандеву 2025, ученик Милева Додиќ, ментор Ангела Магдеска

**22.04.2025** година

Учество на државен натпревар во ракомет во организација на и училишен спорт на Македонија и Општина Прилеп, освоено четврто место, тренер на екипата проф. Марко Арсовски

**23.04.2025 -25.04.2025** година

Одржана традиционалната манифестација **„Денови на електротехника 2025“** на која учество земаа 26 основни училишта. На вториот ден беше извршена посета на хидроцентралата Вруток а третиот ден се одржа финалето за пласман од прво до трето место.

Отварање со концерт на ученици од I,II,III и IV година, диригент Јосипа С. Наумовска

**26.04.2025** година

Отворен ден на училиштето, штанд за насока Електроника и телекомуникации: проф. Софија Темкова, штанд за насока КТА ученици: Сердар Цветков III-4, Михаела Сталеска IV-5, Филип Спиров II-3 и проф. Анѓелка Андрески

- **Мај**

**07.05.2025** година

Освоено ПРВО место во категоријата средношколски бенд на регионалниот натпревар организиран од ЗМП - Здружение на музичките педагози на Република Македонија, ментор Јосипа.С.Наумовска

**08.05.2025 – 09.05.2025** година

Домаќин на **XLII Државни натпревари** на електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од РСМ на кои учествуваа 120 натпреварувачи и 80 ментори, преставници на компании партнери на нашето училиште, гости и наши пријатели од цела Македонија. Натпреварите беа отворени со интонирање на Македонската химна. Учество во комисии за оценување и организација на натпреварот: Софија Темкова, Наташа Божиновска, Сенад Сејфиќ, Димитар Ѓорѓиев, Дијана Трајкоска, Поликсена Митева, Анѓелка Андрески, Лидија Буровска, Антоние Оносимовски, Ленче Спасовска. Настап концерт на македонски песни, диригент Јосипа С. Наумовска

- Ментори на ученик на државен натпревар од насока КТА; освоено трето место, ученик Дамјан Тргачевски, ментори:  Антоние Оносимовски, Снежана Алексовска и Лидија Буровска.
- Ментори на ученик на државен натпревар од насока КТА; освоено второ место, ученик Сердар Цветков, ментори: Анѓелка Андрески и Софија Темкова.
- Ментори на ученик на државен електротехнички натпревар од насока ЕТ; ученик Немања Рајковиќ, ментори: Јелена Стојановиќ Јосифовска, Иван Илијев и Софија Темкова.

**10.05.2025** година

Државен натпревар по англиски јазик „ЕЛТАМ“, Вања Петровиќ 1-3 освои второ место, ментор Ивана Јосифовска. Учество на учениците Борјан Ивановски и Онур Шабан под менторство на Васка А. Савеска

**12.05.2025 – 14.05.2025** година

На **Државен натпревар ROBOMAC JUNIOR,** во организација на ФЕИТ, учествуваа учениците Матеј Јовановски, Даме Урошевски, Леонид Антовски додека ученикот Алек Хаџивасилев освои прво место под менторство на Јасминка Димовска и Наташа Божиновска.

**16.05.2025** година

Учество на Саем на занаетчиство со тимот Eco-Smell. Присутни ученици: Рефка Кантурова, Андреј Јордановски I-5, Андреј Тодоровски II3, Санел Дражанин II-8, Ангела Магдеска

**17.05.2025** година

На **61-от Државен натпревар на млади истражувачи – Наука на млади,** во организација на Народна техника, кој се одржа во Куманово, областа Информатика - Примена на софтвер учествуваше ученикот Сердар Цветков III-4 под менторство на Анѓелка Андрески додека ученикот Филип Спиров од II-3 освои **прво место** во областа иновации под менторство на Наташа Божиновска.



- **Јуни**

**20.06.2025** година

Натпревар MOS- Microsoft Office Specialist во организација на CertiAdria, Семос едукација, Град Скопје. Ментор на ученици Сердар Цветков од III-4 и Филип Величковски III-6 кој го освои 4-тото место, Анѓелка Андрески.

## 11. Безбедност на учениците

Активностите за унапредување на ментално и физичко здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните физички, емоционални и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност, се еден од основните императиви на нашето училиште. Во таа насока, за обезбедување на заштитата и благосостојбата на учениците во воспитно-образовниот процес се преземаат следните активности:

- Од страна на вработените се води целосна грижа за безбедноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето, како за време на часовите, така и за време на одморите. Безбедноста на учениците е прашање кое е на врвот од приоритетите на раководниот тим и на сите вработени во училиштето и искуството покажува дека истата е подобрена, односно за време при патување на учениците од и до училиште, како и за време на престојот во училиштето, нема посериозни инциденти
- Постигната е безбедна, уредна и пријатна училишна средина, со обезбедено дежурство во двете смени на наставата од страна на дежурни наставници и ученици
- Позитивна работна атмосфера
- Секој наставник во рамките на своите индивидуални креативни инвентивни можности е максимално ангажиран за попријатна атмосфера на своите часови, кои оваа година се реализираа со строго почитување на протоколите за превенција од пандемијата(задолжително носење заштитни маски, миење раце, дезинфекција, проветрување и сл), согласно препораки од МОН, Институтот за јавно здравје и Комисијата за заразни болести.
- Друг приоритет исто така подеднакво значаен е соработката со семејството, која започнува уште пред запишувањето на ученикот. Стручните соработници од нашето училиште, во соработка со педагошко-психолошката служба од основното училиште, низ презентации, разни флаери и дискусии ги запознаваат родителите и учениците со можностите што ги нуди нашето училиште, вонннаставните активности, постигнатите успеси и резултати на натпревари, успесите на наши завршени ученици и друго. Оваа година таа активност се реализираше преку online презентации и доставување видео материјали до основните училишта. Во секое време вакви информации се достапни и на училишната веб – страна.
- Секоја година се организираат систематски прегледи и ревакцинација на учениците
- Во нашето училиште не е идентификувана потребата за згрижување на ученици со посебни образовни потреби во овој период
- Училиштето располага со лифт за да овозможи лесен пристап на лицата со телесен инвалидитет до сите простории во училиштето, како и посебни патеки за пристап во училишната зграда.

- Во училиштето постои надзор со помош на камери поставени на влезовите на училиштето и останатите важни точки. Видео надзорот се врши соодветно предвидената законска регулатива (Закон за заштита на лични податоци). На иницијатива на Град Скопје е ангажирана и агенција за обезбедувањесо двајца членови кои се присутни во училиштето во две смени.
- Изработен е план за активности за превенција на насилство во училиштето и секоја година се реализирааат заеднички активности со претставници од МВР и Црвен Крст, на поле на превенција и справување со насилство. Оваа година заради пандемијата активностите беа реализирани во помал обем и преку online состаноци.
- Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со активностите кои ги вклучува на класните часови и во други форми овозможува подигнување на свесноста на учениците за мултиетничкото општество во кое живееме.

  Оваа учебна година заради пандемијата Ковид 19 треба да се напомене дека не се реализираа конкетни активности (работилници, проекти, соработка со училиштето партнер и сл.), туку се реализираат теми од оваа област во рамки на класните часови.

Во училиштето постои систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците и е изготвен Правилник кој ги регулира правата и обврските на сите субјекти:

- секојдневно (во работните денови) има дежурни професори;
- во деновите на викендот постои дежурна служба од техничкиот персонал;
- ноќната смена ја покрива ноќен чувар на училиштето;
- воведено е обезбедување од агенција за обезбедување;
- доколку учениците работат лабораториски или компјутерски вежби, тие се изведуваат во присуство на предметен професор кој ги информира учениците за тоа како треба да се однесуваат во лабораторија, библиотека, спортска сала, училница, со компјутери и останатите простории во училиштето. Однесувањето е регулирано и со Кодекс за однесување на субјекти во училиштето.
- На учениците секоја учебна година им се овозможува осигурување во осигурителни компании, одлуката за избор а осигурителната компанија и нивото на премија ја носи Советот на родители.

**12.** Извештај за работата на директорот за учебната 2024-2025 година

Во учебната 2024/2025 година СЕТУ на Град Скопје„ Михајло Пупин “ – Скопје имаше уште една успешна година. Наставата се одвиваше на високо ниво, беа освоени голем број награди од страна на учениците, училиштето односно нашите ученици и професори го претставуваа нашето училиште како и државата на меѓународен план преку учество на натпревари, проекти во рамки на европската унија како и интерна соработка со училишта од целиот балкн со кои нашето училиште има потпишано меморандум за соработка. Инфраструктурно беа рекоструирани предвидените работи во училиштето и се набавија нагледни средства за потребите на наставата за подобра и поквалитетна настава. За прв пат беше огранизирано и државното првенство во нашето училиште за Електро, машинска и сообраќајна струка каде се обезбедија комплетно средства за непречено одржување на на манифестацијата, беа организирани и деновите на електротехника, се потпишаа голем број на меморандуми со фирми компании каде нашите ученици изведуваат учење преку работа , феријална и практична настава.Се обезбеди доволен и квалитетен кадар за целосно реализирање на наставата. Се правеше успешна промоција на училиштето преку

цела учебна година со што на крај резултираше со одличен упис и формирање на 10 паралелки во прва година со што училиштето немаше технолошки вишок на наставници. Годината беше испратена без никакво нарушување на редот и мирот, со постојано грижење за безбедноста на учениците. Тековните работи од годишната програма на директорот ба реализирани во целост. Се работи на отварање на нов профил од електроструката кој би донел подобар упис на ученици и надобивање дел од дефицитарниот кадар во таа област во државата. СЕТУ „ Михајло Пупин “ чекори напред и ние сме горди на сето тоа што денес претставува нашето училиште дома и надвор од државата.

## 13. Заклучок

Во училиштето во учебната 2024/2025 година успешно се реализираше воспитно-образовната дејност, со максимално вложување на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес,. Учебната година заврши со зголемен успех на учениците што е показател за квалитетот на реализираните активности.

Нашите заложби и во иднина ќе се движат во насока на подигање на квалитетот на наставата и стекнатите знаења и вештини на учениците во рамки на воспитно-образовната работа и вонннаставните активности.

## 14. Прилог (Извештаи)

### Извештај за работа на активот по стручни предмети по компјутерска техника и автоматика и електроника и телекомуникации во учебната 2024/2025 година

Активот го сочинуваат 15 предметни наставници. Се реализираше редовна и изборна настава по стручните предмети според предвидените наставни програми во образовните профили, електротехничар за електроника и телекомуникации во I, II, III и IV година, електротехничар за компјутерска техника и автоматика во I, II, III и IV година, електротехничар енергетичар во I, II, III година и во тригодишното образование во I година.

Наставниците соработуваа при подготовката на годишните и тематските планирања на исти наставни програми, а се водеше и сметка за корелација меѓу теоретската и практичната настава/ вежби.

Наставниците учествуваа во работата на редовните и вонредните совети на паралелки и наставничкиот совет. За подобрување на успехот на учениците се изведуваше и дополнителна настава согласно предвидена законска регулатива. По некои предмети се реализираше и додатна настава. Учениците покажуваа интерес за одредени теми и соработуваа директно со предметните наставници. Со учениците од завршните години се реализираше и подготвителна настава за стручните предмети од завршниот испит и државната матура.

Во наставата се користеа учебници по одделни предмети доставени претходните години коишто не ги задоволуваа потребите од наставниот материјал за предметите особено за стручните предмети. За поголем број наставни програми недостасуваше соодветна литература на македонски јазик, поради што наставниците мораа да собираат и преведуваат странска литература. Во таа насока особено беше значајна соработката меѓу предметните наставници со меѓусебни консултации и размена на искуства.

Во периодот октомври-март предметните професори се ангажираа и како ментори на учениците од IV година во изработката на проектните задачи за државна матура и завршниот испит. Со оваа активност беа покриени вкупно 5 паралелки, една од образовниот профил електротехничар за електроника и телекомуникации и четири од образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика. Просечно еден професор менторираше група од 10 ученици. Наставниците овие активности ги завршија и покрај полниот фонд на редовни часови.

Во периодот март-април во соработка со стручниот актив по енергетика, професорите подготвија и спроведоа училишен натпревар за избор на претставник за државните натпревари на електромашинските училишни центри од сите образовни профили. За образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика тестовите ги подготвија и прегледаа професорите Анѓелка Андрески, Поликсена Митева, Софија Темкова, Јелена Стојановиќ-Јосифовска и Иван Илиев. За образовниот профил електротехничар за електроника и телекомуникации тестовите ги подготвија и прегледаа професорите Софија Темкова, Јелена С.Јосифовска , Иван Илиев и Тамара Боровска.

Во период април-мај избраните ученици работеа со соодветните предметни професори – ментори на подготовка за државните натпревари.

Оваа година нашето училиште беше домаќин на Државниот натпревар од електротехничка, машинска и сообраќајна струка, кој се одржа на 08 и 09 мај 2025. Првиот ден беа реализирани тестови по сите образовни профили, а вториот ден беше практичниот дел и изложбата на трудови. Во организацијата на Државниот натпревар беа вклучени професори од нашето училиште. Ученикот Сердар Цветков од III-4 клас го освои второто

место на Државниот натпревар за образовниот профил Електотехничар за компјутерска техника и автоматика.

И оваа година се реализираше натпреварот по Програмирање „Мендо“ од Здружението на информатичари на Македонија. Училишниот натпревар го организираа Анѓелка Андрески, Поликсена Митева, Јасминка Димковска. Тие ги подготвуваа учениците за регионалниот и државниот натпревар кој се одржа на ФИНКИ. На државниот натпревар ученикот Филип Величковски од III-6 клас го освои 3тото место.

Во текот на месец април се реализираа испитите - презентациите на проектните задачи надвор од редовните часови. Исто така во рамките на училишните предметни комисии ( УПК ) се подготви испитен материјал за стручните интерни испити за државната матура и завршен испит. Државната матура и завршниот испит се реализираа во месец јуни и август 2025 година и во прегледувањето на тестовите повторно беа вклучени членовите на активот во соодветните предметни комисии.

Во текот на учебната 2024/2025 година одделни професори беа вклучени во различни проекти и обуки.

- 12-13.09.2024 година Учесник на Годишно собрание на МАССУМ во Кавадарци, Софија Темкова.

- 16-20.09.2024 Обука во Истанбул, Турција , во рамки на Еразмус+ проект AI@Sustainability in VET education. Обука на тема Raspberry Pi и програмирање во Python. (Анѓелка Андрески – координатор на проектот, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиеска, Дијана Трајкоска)
- 18.09.2024 година - Донација на Развојни Микропроцесорски Системи потребни за практичните лабораториски вежби на учениците во СЕТУ Михајло Пупин – Скопје која е дел од проектот Технологија за Тебе со цел унапредување на образовната инфраструктура и поттикнување на иновацијата меѓу младите техничари и инженери.
- 24-25.09.2024 година ,присуство на Тренинг 6: Вештини за дигитална писменост во училница – основен, во организација на ГОПА, On-line предавање, во траење од 10 часа

- 25.09.2024 Учество на конференција „The VET Circle: Schools - Students – Companies“ во Меморијален центар Фондација “Никола Кљусев” со ученици од трета и прва година, Анѓелка Андрески, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиевска и Ивана Јосифовска, online платформа за поврзување на учениците со компаниите
-26.09.2024 година Присуство на Тренинг 7: Имплементација на националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средното образование,

- 27-ми и 30-ти септември 2024 година -Присуство на Тренинг 3: Инклузивна педагогија во организација на ГОПА, On-line предавање, во траење од 10 часа. Гордана

Наумовска, Ирена Караташева, Фросина Спасевска Микулчиќ и Марија Барутовска.

- 29.09-04.10.2024 Торбали, Измир, Турција, мобилност во рамки на Еразмус+ проектот Our Green Heritage Awareness со референтен број 2022–2–RO01–KA210-SCH-000099507 , со учениците Михаил Исијановски и Даријан Антовски III-4 , Јована Јовановска III-3 и Михаела Сталеска IV-5. Проектот е во соработка со училишта од Шпанија и Турција и координатор училиште од Романија. Наши ученици го изработија логото на проектот, веб страната, youtube каналот и учествуваа во активности со другите ученици од партнерските земји ,како снимање podcast, делење флаери низ градот, прием во Градското собрание, посета на фабрика за рециклирање стакло. - Анѓелка Андрески- координатор на проектот

30.09.2024 година Учество во Работилница: „Energy transition through gender lens: Beyond rhetoric and towards results” во организација на ЕВН, Наташа Божиновска.

01.10.2024 година- Учество на директорот Димитар Ѓорѓиев на панел дискусија во Јајце -Босна и Херцеговина каде учество земаа училишта од Босна и Херцеговина, Србија и од Македонија. СЕТУ Михајло Пупин доби уште едно партнер училиште за меѓународна соработка, Јавна установа Техничка средња школа Тешањ - Босна и Херцеговина со кое се потпиша меморандум за соработка за размена на ученици, учество во проекти, размена на наставници и искуства во образовниот процес. Партнер училишта на СЕТУ Михајло Пупин - Скопје: ЕТШ Михајло Пупин од Нови Сад - Србија; Техничка школа Крањ - Словенија; Техничка школа Руѕер Бошкович - Винковци – Хрватска; ЕТШ Земун – Србија; Мешовита школа Младост Зеница - БИХ; Техничка школа - Зеница - БИХ и Техничка средња школа -Тешањ – БИХ.

- 07.10.2024 Присуство на Тренинг 5: Дигитална технологија во фокусот на учениците од магинализирани групи, во траење од 5 часа, во организација на ГОПА, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анѓелка Андрески, Дијана Трајкоска, Ања Манчевска Илиеска, Анче Митровска, Билјана Божиновска, Наташа Божиновска, Владимир Магдески, Ирена Караташева, Јасминка Димовска, Ивана Јосифовска, Марија Барутовска Цветановска, Иван Илијев, Моника Талеска, Јелена Стојановиќ Јосифовска, Гордана Наумовска, Силвија Николовска, Слободанка Димковска, Маја Наумовска, Сенад Сејфиќ, Поликсена Митева, Фросина Спасевска Микулчиќ, Снежана Алексовска, Соња Д’митровиќ, Тамара Боровска, Јосипа С. Наумовска.

-08.10.2024 Присуство на Тренинг 2: Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење, во траење од 5 часа, во организација на ГОПА, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиеска, Билјана Божиновска, Марија Барутовска

Цветановска, Сенад Сејфиќ, Дијана Трајкоска, Наташа Божиновска, Иван Илијев, Поликсена Митева, Тамара Боровска, Гордана Наумовска.

- 08.10.2024 Учество во Работилница: „Придонес кон геополитичката димензија на Европската образовна област Западен Балкан и земјите од соседството”, во организација на ЦСОО, Наташа Божиновска.

- 09.10.2024 Дисеминација за Erasmus + проект “AI & Sustainability in VET Education”, Анѓелка Андрески, Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиевска, Дијана Трајкоска, Поликсена Митева, Елена Стојановска, Марија Барутовска, Тамара Боровска, Билјана Божиновска, Ивана Јосифовска, Анче Митровска, Гордана Наумовска и Снежана Алексовска.

-14.10.2024 Учесник на регионална работилница: Планирање на натпреварите за МАССУМ „Образовно Рандеву 2025“, Софија Темкова
-15.10.2024 Присуство на Тренинг 9: Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми, во организација на ГОПА, во траење од 5 часа, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анѓелка Андрески, Ања Манчевска Илиеска, Билјана Божиновска, Билјана Божиновска, Гордана Дамјаноска, Марија Барутовска Цветановска, Дијана Трајкоска, Ивана Јосифовска, Иван Илијев, Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески, Маја Наумовска, Јосипа С. Наумовска, Софија Темкова, Гордана Наумовска, Сенад Сејфиќ, Поликсена Митева, Слободанка Димковска, Тамара Боровска, Соња Д’митровиќ,Јелена Стојановиќ Јосифовска.
- 24.10.2024 Тренинг – Присуство на Тренинг 5: Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи, во организација на ГОПА, (во траење од 5 часа), Поликсена Митева, Сенад Сејфиќ, Силвија Николовска, Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески, Дијана Трајкоска, Ангела Магдеска, Андигони Миленковска, Анче Митровска, Владимир Магдески, Иван Илијев, Ивана Јосифовска, Ирена Караташева, Јасминка Димовска, Слободанка Димковска, Тамара Боровска, Фросина Спасевска Микулчиќ, Снежана Алексовска, Соња Д’митровиќ, Јелена Стојановиќ Јосифовска, Маја Наумовска, Марија Барутовска Цветановска, Моника Талеска, Јосипа С. Наумовска, Ања Манчевска Илиеска, Гордана Наумовска.

-25.10.2025 Во организација на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука во Р.С. Македонија, на работилницата за вмрежување на Координаторите за учење преку работа од сите среди стручни училишта во нашата држава, во рамките на проектот „Обезбедување квалитет во работата на Координатиорите за учење преку работа“ спроведуван од ОеАД Австрија присуствуваше координаторот Наташа Божиновска.

-26.10.2025 На 60-от Државен натпревар на млади истражувачи - Наука на млади,

ученикот Борјан Стојчевски од III 3 за освои прво место под менторство на Гордана Наумовска а ученикот Филип Спиров од II 3 освои второ место во областа иновации под менторство на Наташа Божиновска. Член во оценувачка комисија во област конструкторство, Наташа Божиновска и Гордана Наумовска.
- 31.10.2024 Учество на обука Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки, во организација на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност во траење од 2 часа, Наташа Божиновска, Анѓелка Андрески, Сенад Сејфиќ, Тамара Боровска, Марија Барутовска, Софија Темкова, Гордана Наумовска.
- 04-08.11.2024 Натпревар Дабар – информатичко размислување со класови II-3,4,5,6 и III-4,6.- Анѓелка Андрески
-18-22.11.2024 Обука во Атина, Грција , во рамки на Еразмус+ проект AI@Sustainability in VET education. Обука на тема Face recognition, Object detection, GitHub (Анѓелка Андрески - координатор на проектот , Ангела Магдеска, Ања Манчевска Илиеска, Дијана Трајкоска, Директор Димитар Ѓорѓиев)

-21.11.2024 Присуство на LEAD вебинар „Изгради го твојот бренд: вештини за самопромоција и фриленсинг“, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ленче Спасовска и Гордана Наумовска.
-26.11.2025 Присуство на LEAD вебинар „Онлајн безбедност: како да се заштитиме во дигиталниот свет?“, Фросина Спасевска Микулчиќ, Ленче Спасовска и Наташа Божиновска.
-05.12.2024 **Посета на компанијата Johnson Matthey каде учениците се запознаа со процесот на производство. Делтално беа запознаени со една производна линија каде им беше презентирано блокадната заштита и целокупната автоматизација на линијата. Со оваа посета учениците имаа можност да видат примена на теоретските знаења, практично во реални услови. Наставници:** Марија Барутовска и Гордана Наумовска.
-05.12.2024 Семинар за дигитални компетенции и информатичко размислување (Учење во дигитална околина – PISA), во просториите на ФИНКИ во организација на БРО и Здружение на информатичари на Македонија. Анѓелка Андрески
-15-17.12.2024 Посета на ученици, професори и директори од 4 школи и еден интернат од Босна и Херцеговина (Зеница, Тешањ и Какањ) во нашето училиште-прошетка низ Скопје, прошетка во нашето школо и посета на ХЕЦ Матка, Марија Барутовска, Дијана Трајкоска, Сенад Сејфиќ, Слободанка Димковска.
-**17.12.2024** ЕдуЛаб вебинар „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери и добри пракси“ во траење од 2 часа, Наташа Божиновска, Софија Темкова, Гордана Наумовска.
-18.12.2025 Завршен настан на проектот „Обезбедување квалитет во работата на Координаторите за учење преку работа“ спроведуван од ОеАД Австрија на кој се доделуваа сертификати на Координаторите за учење преку работа од страна на Лузим Алиу Заменик Министер за образование и наука на РСМ и Мартин Памер, Амбасадор на Р. Австрија во РСМ, координатор Наташа Божиновска
-15.01.2025 Еднодневната обука за „Развој на зелени и претприемачки вештини“ и подготовка за натпреварот „Најдобар бизнис концепт за зелени иновации 2025“, на MS Teams платформата во организација на Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ), Скопје (5 часа) Марија Барутовска,

Софија Темкова

- 13-24.01.2025 – Обука во Гозо, Малта во рамки на Еразмус+ проект ICT MaN – Проектен менаџмент и информациско комуникациски технологии (Анѓелка Андрески координатор на проектот, Слободанка Димковска, Лидија Буровска, Антоние Оносимоски, Горан Младеновски)
- 01.02.2025 Учество на обука со наслов: „SHIELD: Практично учење преку симулација на игра за подобрување на вештините за сајбер безбедност“ во организација на Центар за иновации и дигитална едукација, ДИГ-ЕД, наставник Дијана Трајкоска
- 20.02.2025 Училишен натпревар за квалификација електротехничар за компјутерска техника и автоматика од електротехничка струка, учесници: Сердар Цветков, Филип Арсовски, Зоран Колевски, Дарко Вуловски III-4, Филип Величковски, Даријан Котевски III-6, Борјан Стојчевски, Јане Мајновски, Марко Бишкоски, Михаил Раичевиќ III-3 и Василиса Курзакова III-5. На регионален се пласираше Сердар Цветков од III-4. Организација, изработка на тестови и прегледување: Анѓелка Андрески, Софија Темкова, Поликсена Митева, Иван Илијев
- 24.02.2025 Училишен натпревар по Програмирање , учесници: Сердар Цветков III-4, Филип Величковски III-6, Ива Бошеска, Марио Додевски, Никола Пецевски II-3, Онур Шабан II-6.-Анѓелка Андрески
- 01.03.2025 Регионален натпревар по Програмирање МЕНДО, ученици: Филип Величковски III-6 – освоено 3 место, Сердар Цветков III-4– освоено 3 место, Онур Шабан II-6 – освоено 3 место.Ментор Анѓелка Андрески, ментор Поликсена Митева: Марко Бишкоски III-3 освоено 3 место.
- 22.03.2025 Државен натпревар по Програмирање – Мендо, ментор Анѓелка Андрески: Филип Величковски III-6 -освоено III место на државен натпревар и Сердар Цветков III-4 – пофалница за успешно учество на државен натпревар, ментор Поликсена Митева: Марко Бишкоски III-3 – пофалница за успешно учество на државен натпревар

-Од 07-11.04.2025 нашето училиште СЕТУГС "Михајло Пупин", беше домаќин на ученици и професори од Романија , Шпанија и Турција, во рамки на Еразмус+ проектот Our Green Heritage Awareness, во кој сме партнери. Учениците и професорите од партнерските училишта - Colegiul Alexandru Odobescu од Питешти, Романија, IES Antonio De Nebrija од Заламеа Де Ла Серена, Шпанија и Torbali Ataturk Anadolu Lisesi од Торбали, Измир, Турција ,учествуваа во бројни активности во рамки на мобилноста именувана како Green ICT - Зелени ИКТ. Имено , по свечениот прием и презентација на нашата земја и нашето училиште, се организираа повеќе работилници. Се работеше на пресметување на добиената енергија од обновливи извори -енергија од сонцето и од ветерот, како и презентација на фотоволтаичната централа во училиштето. Потоа , се работеа „зелени“ веб страни, каде нашите ученици измешани во тимови со гостинските ученици , беа вклучени како нивни ментори. Се работеше на Ардуино работилница за изработка на „паметни домови“ со сензори за светла заради заштеда на енергија, на автоматско наводнување на растенија со сензори за влага, потоа работилница со Raspberry Pi за автоматско селектирање на отпадот - паметно рециклирање со

computer vision , AI -трениран модел со вештачка интелегенција, работилница со 3Д принтер, како и работилница за изработка на освежувачи за автомобили од рециклирани материјали и семиња за растенија во истите. Сите резултати од сработеното , нашите ученици ги поставија и на веб страната на проектот , youtube каналот и социјалните медиуми на проектот. Во рамки на едонеделната посета, гостите ја вкусија македонската кујна и беа воодушевени од знаменитостите на нашата земја. Ја посетивме спомен куќата на Мајка Тереза и Старата Скопска чаршија. Ја посетивме хидроцентралата Матка, каде се презентираше за начинот на добивање на електрична енергија од енергијата на водните ресурси. Гостите беа импресионирани од кањонот Матка, од градот Охрид и Охридското Езеро како дел од зеленото и културно наследство заштитено од УНЕСКО. Исто така , го посетивме и Милениумскиот крст на Водно - како споредба на градскиот воздух и чистиот планински воздух во непосредна близина на Скопје. Гостите заминаа со прекрасни впечатоци за македонската култура и традиција, како и за техничката опременост на нашето училиште.Координатор на проектот - Анѓелка Андрески

-12.04.2025 Учество и пласман во финале на натпревар Најдобар бизнис концепт за зелени иновации , во организација на Машински факултет – Скопје, со учениците Филип Спиров, Борјан Ивановски, Ива Бошеска и Марио Додевски од II-3 клас - Анѓелка Андрески

-24.04.2025 -25.04.2025 Информирање и пријавување на натпреварувачи и ментори за Образовно рандеву 2025, организација на интерна селекција за натпреварите Постер и Фотографија; учесник на дводневниот настан во Кавадарци со 20 ученици и професор Илија Ристовски, Софија Темкова

- Освоено Трето место во категорија REEL (кратко видео) на Образовно рандеву 2025, ученик Давид Исоски, ментор Софија Темкова.
- Освоено Трето место во категорија Web страна на Образовно рандеву 2025, ученик Борјан Ивановски, ментор Анѓелка Андрески. Учество на МАССУМ со фотографија, Анѓелка Андрески -ментор на ученик Петар Анастасоски II-3 и учество со најдобро кратко видео – reel со Сердар Цветков III-4
- Освоено Трето место во категорија најдобар постер на Образовно рандеву 2025, ученик Милева Додиќ, ментор Ангела Магдеска

- 23.04.2025 Денови на електротехниката

- 26.04.2025 Отворен ден на училиштето – штандови за КТА и ЕТ, штанд за насока Електроника и телекомуникации: проф. Софија Темкова, штанд за насока КТА ученици: Сердар Цветков III-4, Михаела Сталеска IV-5, Филип Спиров II-3 и проф. Анѓелка Андрески

-08-09.05.2025 **Посета на компанијата** Imperial Tobacco TKS со **ученици-матуранти каде учениците се запознаа со процесот на производство. Наставници:** Јасминка Димовскаи Гордана Наумовска.

-08-09.05.2025 Домаќин на XLII Државни натпревари на електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од РСМ на кои учествуваа 120 натпреварувачи и 80 ментори, преставници на компании партнери на нашето училиште, гости и наши пријатели од цела Македонија. Натпреварите беа отворени со интонирање на Македонската химна. Учество во комисии за оценување и организација на натпреварот: Софија Темкова, Наташа Божиновска, Сенад Сејфиќ,

Димитар Ѓорѓиев, Дијана Трајкоска, Поликсена Митева, Анѓелка Андрески, Ленче Спасовска.

- Ментори на ученик на државен натпревар од насока КТА; освоено второ место, ученик Сердар Цветков, ментори: Анѓелка Андрески и Софија Темкова.
- Ментори на ученик на државен електротехнички натпревар од насока ЕТ; ученик Немања Рајковиќ, ментори: Јелена Стојановиќ Јосифовска, Иван Илијев и Софија Темкова.

-12-14.05.2025 На Државен натпревар ROBOMAC JUNIOR, во организација на ФЕИТ, учествуваа учениците Матеј Јовановски, Даме Урошевски, Леонид Антовски додека ученикот Алек Хаџивасилев освои прво место под менторство на Јасминка Димовска и Наташа Божиновска.
-17.05.2025 На 61-от Државен натпревар на млади истражувачи – Наука на млади, во организација на Народна техника, кој се одржа во Куманово, областа Информатика - Примена на софтвер учествуваше ученикот Сердар Цветков III-4 под менторство на Анѓелка Андрески додека ученикот Филип Спиров од II-3 освои прво место во областа иновации под менторство на Наташа Божиновска.
- 20.06.2024 Натпревар MOS- Microsoft Office Specialist во организација на CertiAdria, Семос едукација, Град Скопје. Ментор на ученици Сердар Цветков од III-4 и Филип Величковски III-6 кој го освои 4-тото место, Анѓелка Андрески.
-23-24.06.2025 Обука на ФЕИТ како дел од проектот „Основи на вградливи системи со Arduino“ одржана од Јосиф Ќосев со наслов „Вградливи микрокомпјутерски системи со Ардуино“. **Наставници:** Силвија Николовска и Тамара Боровска
- 25-28.06.2025 Учество на координативен состанок во Каунас, Литванија во рамки на Еразмус+ проектот AI @ Sustainability in VET Education - Анѓелка Андрески(координатор на проектот) и директор Димитар Ѓорѓиев
-30.06 – 01.07.2025 Обука на ФЕИТ како дел од проектот „Основи на вградливи системи со Arduino“ одржана од Јосиф Ќосев со наслов „Вградливи микрокомпјутерски системи со Ардуино“. **Наставници:** Јасминка Димовскаи Гордана Наумовска.
-Анѓелка Андрески - Координатор на аплицирани и добиени три Еразмус+ проекти:
**- KA210 - Our green heritage awareness** – координатор училиште од Романија, партнер училишта од Шпанија и Турција, реализирани 4 мобилности со ученици во Романија, Шпанија и Турција и како домаќини во Р.С.Македонија.
**- KA220 – AI @ Sustainability in VET Education** -Вештачка интелегенција и одржлив развој во стручното образование , проект со координатор Технички Универзитет Каунас од Литванија и партнери – Технички Универзитет од Порто, Португалија, ИТ компанија од Португалија, Средно техничко училиште од Билбао, Шпанија, Центар за стручно образование и обука од Атина, Грција, Центар за стручно образование и обука од Истанбул, Турција и EBTA – Асоцијација на средни стручни училишта на ниво на цела Европа од Брисел, Белгија. Во проектот се работи со Raspberry Pi 5 микрокомпјутери, компјутерска визија, детекција на објекти, препознавање на лица, ESP32, работа на проекти со Python програмирање

и GitHub, со ученици кои ќе учествуваат на меѓународен натпревар на ниво на цела Европа.

**- KA121 ICT MaN** – Проектен менаџмент и информациско комуникациски технологии, обука на 5 професори во Малта.

Професорите од овој актив беа дел и од комисиите за упис, за внесување податоци и изготвување на ранг-листа на ученици во прва година во учебната 2024/25 год.

Претседател на Актив за КТА и ЕТ
Анѓелка Андрески

## И З В Е Ш Т А Ј

## за работа на активот енергетика 2024/2025

Активот по енергетика брои вкупно 16 предметни наставници од кои 15 се наставници кои предаваат група електро предмети(теоретски; практична настава и лабораториски вежби) и 1 наставник кој предава само техничка комуникација. Наставниците од нашиот актив покриваат 9 наставни програми во прва година, 10 во втора година,10 во трета година и 10 во четврта година. Дел од професорите во текот на учебната 2024/25 г. беа ангажирани во проекти, натпревари и други наставни и воннаставни активности. Наставниците целосно ја реализираа наставната програма и ги оценија учениците.

**Реализирани активности**

**23.04.2025 -25.04.2025** година

Одржана традиционалната манифестација **„Денови на електротехника 2025“** на која учествоземаа 26 основни училишта. На вториот ден беше извршена посета на хидроцентралата Вруток а третиот ден се одржа финалето за пласман од прво до трето место.

Организација на Денови на електротехника, изработка на тест прашања за натпревар на македонски, изработка на квиз и организација на квизот одговорни беа Анита Кокочева Мијовска и Ангела Магдеска ,предметни наставници од активот енергетика.

Кајко прегледувачи на тестовите од нашиот актив беа ангажирани предметните наставници: Марија Барутовска Цветановска и Ања Манчевска Илиеска.

**26. 05. 2025 г.**

Во организацијата на Отворениот ден на училиштето во тимот за штанд за образовен профил ,, Електротехничар енергетичар” , ,,Електромеханичар” и ,,Електроментер за електроенергетски мрежи” учествуваа сите колеги од активот енергетика.Беа формирани

тимови за запознавање на учениците од основните училишта со струките во училиштето и со кабинетите, лабараториите и работилниците во кои се изведува наставата од веќе споменатите профили.

**08.05.2025 – 09.05.2025** година

Нашето училиште беше домаќин на **XLII Државни натпревари** на електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од РСМ на кои учествуваа 120 натпреварувачи и 80 ментори, преставници на компании партнери на нашето училиште, гости и наши пријатели од цела Македонија. Учество во комисии за оценување и организација на натпреварот од активот електроенергетика зедоа предметните наставници Лидија Буровска и Антоние Оносимоски.

Претседател на актив:

Лидија Буровска

## Извештај за работа на активот по Општообразовни предмети за учебната 2024/2025 година

Активот го сочинуваат 17 предметни наставници за изведување на наставата по Македонски јазик и литература, Англиски јазик, Историја, Граѓанско образование, Ликовна уметност, Музичка култура, Спорт и спортски активности. Во оваа учебна година членовите на активот реализираа редовна и изборна настава по предметите според предвидените наставни програми за образовните профили Електротехничар за електроника и телекомуникации во I, II, III, IV година, Електротехничар за компјутерска техника и автоматика во I, II, III, IV година, Електротехничар енергетичар I, II, III, IV година и во тригодишно образование за образовниот профил електроинсталатер за електроенергетски мрежи во I, II и III година.

Натпревари во кои наставниците од овој Актив со своите ученици земаа учество: **Спорт и спортски активности** – Прво место Државен натпревар Пливање, учество на МАССУМ (најдобар тим Серва, Баскет и Пинг-понг), Прво место на Регионален натпревар Ракомет, учество во регионални натпревари Кошарка, Фудбал, Одбојка; **Ликовна уметност** – учество на најдобар постер на МАССУМ; **Музичка култура** – Настап на патронен празник – концерт со талентирани ученици од нашето училиште, Настап на Денови на електротехника – концерт со вклучени ученици, Настап на концерт на македонски песни за гостите од Еразмус проектот, Настап на 8-ми Мај по повод Државен натпревар по Електротехника, Учество во натпревар по музичка култура и освоено прво место во категорија средношколски бренд; **Англиски јазик** – Учество на општински, регионален и државен натпревар, на ЕЛТАМ натпревар по Англиски јазик (два ученика стигнаа до Државен натпревар).

Предметните наставници кои се членови на овој Актив беа во постојани меѓусебни консултации, посети на часови и размена на искуства преку кои го подобрува квалитетот на наставата.

Реализација на сите наставни програми се вршеше на современ и професионален начин со изготвување на годишни и тематски планирања преку взаемна корелација на наставниците.

Соработка помеѓу членовите на активот и колегите од другите активи од училиштето беше на високо ниво со добра корелација при реализација на наставата во училиштето.

Со реализација на наставата беше преименувано користење на компјутери и информатичка технологија.

Членовите на Активот по Општествени науки зедоа активно учество во промоција на училиштето со основните училишта на територијата на градот Скопје.

Претседател на Актив:

Илија Ристовски

## Извештај за работата на активот по природни науки за учебната 2024/2025 година

Активот го сочинуваат 9 предметни наставници за изведување на наставата по математика, физика и информатика. Во оваа учебна година членовите на активот реализираа редовна и изборна настава по предметите според предвидените наставни програми за образовните профили електротехничар за електроника и телекомуникации во I, II, III и IV година, електротехничар за компјутерска техника и автоматика во I, II, III и IV година, електротехничар енергетичар во I, II, III и IV година и во тригодишно образование за образовниот профил електроинсталатер за електроенергетски мрежи во I, II и III година.

Предметните наставници кои се членови на овој Актив беа во постојани меѓусебни консултации, посети на часови и размена на искуства преку кои го подобрува квалитетот на наставата.

Реализацијата на сите наставни програми се вршеше на современ и професионален начин со изготвувањето на годишни и тематски планирања преку взаемна корелација на наставниците.

Соработката меѓу членовите на активот и колегите од другите активи од училиштето беше на високо ниво со добра корелација при реализацијата на наставата во училиштето.

Во реализација на наставата беше применувано користење на компјутерите и информатичката технологија.

Предметните наставници по математика успешно ја спроведоа интерната матура по предметот Математика, при што сите пријавени ученици со солиден успех го положија испитот.

Членовите на Активот по природни науки зедоа активно учество во промоција на училиштето во основните училишта на територија на градот Скопје.

Претседател на активот:

Александар Бујуковски

______________________________

## Извештај за за работа на училишната библиотека за учебната 2024 / 2025 година

Во текот на учебната 2024/2025 година според предвидените цели и задачи од годишниот план за работа на библиотеката на СЕТУГС„Михајло Пупин“ – Скопје библиотекарот ги реализираше следните активности:

### 1. Организација и работа на училишната библиотека

- Изготвени се библиотечни картончиња за евиденција на издадените книги
- Креиран е каталог за книжниот фонд
- Набавка на библиотечен материјал за дополнување на постоечкиот фонд

- Извршен е прием, евидентирање и делење на бесплатни учебници добиени од МОН
- Извршено е електронско и книжно заведување на новите книги
- Издадени се потврди, изјави, извештаи и записници за издавање на учебници на класни раководители
- Реализирани се предвидените активности со ученици кои полагаат вонредни и диференцијалини испити (упис, пријавување испити, комисии)

## 2. Работа со ученици

- Препорачана е соодветна литература за потребите на учениците
- Реализирани се активности и истражувања на разни теми
- Учениците се поттикнати и поддржани за пријавување на конкурси и натпревари
- Спроведени се активности за реализација на хуманитарни акции и натпревари (крводарителски акции и натпревари)
- Посетени се неколку културно-уметнички институции (библиотеки, музеи, театри)

## 3. Работа со наставници

- Извршено е примање и издавање на белетристика и стручна литература за потребите на наставниците
- Разгледани се каталози од книжарници и издавачки куќи со цел набавка и збогатување на книжниот фонд со нови наслови
- Континуирано водени се разговори со наставниците за пронаоѓање начин и можности за поттикнување и развивање на посебните способности на учениците како и мотивирање за учество на натпревари и конкурси од различни карактери
- Афимација на библиотеката како медијатека преку реализирање на најразлични проекти, предавања, работилници како и видео и аудио презентации на едукативни и креативни документарни и играни филмови, видео записи и слично

## 4 . Работа со локална заедница, институции и МОН

- Направена е навремена набавка на учебници во договор со МОН за потребите на учениците и училиштето
- Остварена е соработка со библиотеки од локалната заедница

## 5. Личен персонален развој

- Успешно завршен обуки за правилно работење и употреба на библиотечниот фонд
- Соработувано е со ученици, наставници, училишната администрација при изработка и реализација на програмата за работа на библиотеката
- Соработувано е со раководниот тим, стручните соработници, наставниците и другите вработени во насока на подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето

## 6. Училишна структура, организација и клима

- Извршена е надградба и адаптација на просторот во библиотеката
- Извршена е евиденција на бесплатните учебници, како и распределба на класните раководители според потребите на класот
- Учествувано е во изготвувањето и издавањето на промотивниот материјал како и во презентацијата на условите и можностите за учење во училиштето
- Навремено е извршено ажурирање на библиотечниот фонд (потпечатување, инвентарна книга, електронско евидентирање и складирање на библиотечниот материјал)

Изработил:
Библиотекар Зоран Мицевски

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКАТА СЛУЖБА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Работата на педагошко-психолошката служба во учебната 2024/2025 година се одвиваше согласно професионалните компетенции и стандарди на работа на педагозите и психолозите одредени според постоечките подрачја и нивните годишни програми за работа, протоколите за работа на педагогот и психологот беа изработенисо јасен фокус на грижа за менталното здравје на учениците. Работата на училишниот педагог и психолог беа органзиирани во следниве подрачја:

1. Работа со ученици
2. Работа со наставници
3. Работа со родители
4. Соработка со заедницата

5. Професионален развој и професионална соработка на психологот
6. Аналитичко- истражувачка работа
7. Вклучување на педагошко-психолошката служба во поддршка на училишна структура, организација и клима

## I.РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

Педагошко-психолошката служба, согласно своите компетенции и работни задачи во текот на учебаната 2024/2025 година обезбедија:

- поддршка и помош на учениците во процесот на настава;
- советување за примена на соодветни методи и техники за учење;
- реализирање советодавна работа со учениците за надминување на причините и проблемите при реализација на настава;
- иницираа адаптирање на наставните содржини согласно специфични потреби и можности на дел од учениците;
- организираа индивидуално или групно советување со цел да им помогне на учениците да развијат вештини за самостојно учење;
- ги мотивираа учениците редовно и активно да ја следат наставата и нудеа поддршка на учениците во учењето,
- поддршка на учениците за унапредување на менталното здравје и психосоцијална поддршка.
- Спроведување на анкета за превенирање и интервенција против булингот, изнаоѓање стратегии и начини како да се создаде подобра и безбедна училишна средина за сите ученици.
- Работилници со ученици во рамки на проектот "Ментално здравје и психосоцијална поддршка", поддржано од Бирото за развој на образование и МОН.

## II.РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

Поддршката на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата се состоеше во следните активности:

- организирање и реализирање на активности (предавања, работилници) за актуелните програми и приоди во наставата;
- следење на наставата и давање повратна информација (писмена или усна) на наставниците;
- увид во квалитетот на планирањата за настава и консултации со наставниците за подобрување на истите;
- подготовка на час/активност, избор на форми, методи средства, организација на работата, индивидуализација, диференцијација, и др);
- реализирана посета на часови;
- реализирање на активности (работилници, презентации, примери на добра практика, индивидуални консултации со наставници ) за создавање стимулативна средина за учење;
- давање поддршка на наставниците за фер и објективно оценување;
- организирање и реализирање на информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата;
- споделување на информации за тековни работи ;
- давање поддршка и соработување со раководителот на паралелката за планирање на активностите (избор на содржини и методи);
- поддршка на наставниците во процесот на самоевалуција на наставата;
- поддршка на наставниците како да ги користат резултатите од самоевалуцијата на наставата.

Во поддршката на наставниците за работа со учениците беа давани специфични насоки за работа на наставникот со одделни групи и поединечни ученици, запознавање на наставниците со

различни начини на кои учениците учат, давање поддршка и помош на наставникот да ги согледа причините за несоодветното однесување на учениците , беа предложувани стратегии за надминување на несоодветното однесување на учениците при реализација на наставата, а ефектите од превземените активности беа континуирано следени. Ова посебно се однесува на нововработените наставници.

Педагошко-психолошката служба даваше активна поддршката на наставниците, особено на класните раководители за активна соработка со родителите .

## III.РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

Во текот на учебната 2024/2025 година, континуирано се организираа и реализираа индивидуални советувања и консултации со родителите во насока на поддршка и помош на учениците во следење и реализација на наставата и постигањата на учениците. После секое тримесечие беа повикувани родители од ученици кои согласно Правилникот за советување имаат 3 и повеќе слаби оцени, повеќе од 10 неоправдани и 100 оправдани и/или манифестираат облици на недолично однесување. Советувањата се реализираа групно и индивидуално.

## IV.СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Соработката со образовните, здравствените, социјалните, научните, културните и други установи има многу значајна улога во насока на развивање граѓанска свест и лична одговорност во комуникацијата со другите во средината, врсниците и семејството.

Педагогот и психологот во рамки на својата дејност и работни компетенции, во текот на учебната годината остваруваат соработка со разни институции (Црвен крст, Одделение за превенција во рамки на МВР, Завод за ментално здравје, Центри за социјална работа, надлежни инситуции МОН, Град Скопје, БРО, ЦСОО, ДИЦ, невладини организации, компании и фирми од струката и тн.). Целта на оваа соработка е унапредување на воспитно-образовниот процес, добросостојбата и здравјето на учениците, соработката со родителите, наставниците и останатите вработени во училиштето.

## V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во насока на личен професионален развој оваа учебна година беа реализирани следните активности:

- Обука за ментори за “Ментално здравје и психосоцијална поддршка на ученици” (одржана во период март 2024.
- Реализација на работилници во рамки на проектот “Унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовен контекст” преку Бирото за развој на образование и Министерство за образование и наука и доставување месечни извештаи од реализирани активности - период од септември 2024 до мај 2025 година;

Комуникацијата и споделувањето, континуираното пренесување на искуства и знаење помеѓу стручните соработници може да превенира и да помогне во заштита на физичкото и ментално здравје на сите засегнати субјекти во реализација на воспитно-образовната работа. Во таа насока се превзедоа следните активности:

- Поддршка во однос на методологијата на водење на педагошката евиденција и документација;

- Поддршка, соработка помеѓу стручните соработници (состаноци на Актив на стручни соработници на Град Скопје).

- Прифаќање, упатување и учество во работата на наставниците-приправници, кои имаат свои ментори, но од особено значење е и поддршката од страна на стручните соработници.

## VI. АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Во текот на наставната 2024/2025 година, континуирано се следеа промени во однесувањето и општата состојба на учениците, поврзано со нивната редовност и постигнувања во наставата.

Исто така, педагошко-психолошката служба континуирано ја следеше и проценуваше реализацијата на наставниот процес, предлагајќи соодветни мерки и активности за нејзино подобрување.

Со цел да се обезбеди сигурна и безбедна средина за сите вклучени субјекти во образовниот процес во нашето училиште, педагошко-психолошката служба спроведе анкета за идентификација на меѓуврсничко насилство – булинг помеѓу учениците, утврдување на динамиката на инцидентите (доколку ги има), идентификување на потребите за поддршка и помош на учениците, создавање на сигурна и доверлива врска помеѓу учениците и стручната служба, собирање на квалитетни и објективни податоци, како и претставување на резултатите на заинтересираните страни и создавање основа за интервенции и подобрување на училишната средина.

Во однос на поддршката на учениците во нивниот професионален избор, работни вредности, професионална ориентација, преку користење на алатката Батерија на тестови за професионална ориентација, се изготвуваат индивидуалини и групни извештаи и анализи, како и советувања на учениците со цел да им се олесни себеспознавањето во процесот на професионалното ориентирање.

## VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА

Педагошко-психолошката служба беше вклучена во училишната организација со програми за поддршка на менталното здравје - поддршка на наставниците во вклучување на поимот ментално здравје и вложување во истото преку поврзување со планираните содржини на часовите (класните часови), учествуваше во работата на ученичките организации во училиштето. Педагошко-психолошката служба беше вклучена во состаноците со Училишна заедница на училиштето, а во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста на ученици, беше вклучена во давање на соодветна советодавна помош.

Исто така, дел од активностите на Педагошко-психолошката служба беа ажурирање и одржување на ЕСАРУ системот за работа на Е-дневник и системот за слободни карти за бесплатен јавен превоз на ученици.

Педагошко-психолошка служба:

Ленче Спасовска – педагог

Фросина С. Микулчиќ – педагог

Ана Б. Коколанска - психолог

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОР

**Во текот на учебната 2024/25 година,**
**реализирани се следните активности:**

## 1. АДМИНИСТРАТИВНО – ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

| | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Средење на редовноста и дисциплината на учениците и наставниците | Континуирано во текот на учебната година | Директор, Педагошко–психолошка служба, Професори |
| 2 | Решавање на воспитно - образовни проблеми | Континуирано во текот на учебната година | Директор, Педагог, Професори |
| 3 | Изработка на план и програма за работа на Училиштето | Јуни, Јули, Август | Директор, Педагошко–психолошка служба, Професори |
| 4 | Учество во изработка на документација и инструменти за следење, реализација на програмата за работа на Училиштето | Јули, Август, Септември | Директор, Педагошко–психолошка служба, Професори |
| 5 | Подготовка и изработка на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето | Јануари, Јуни | Директор, Педагог, Професори |
| 6 | Учество во изработка на програми за реализација на содржини програмирани од училиштето | Април, Мај, Јуни | Професори |
| 7 | Следење на постигнатите резултати, успехот на учениците, училиштето | Континуирано во текот на учебната година | Директор, Стручна служба |
| 8 | Унапредување на работата на наставниците и следење на ефектите од воведените новини во образовниот процес | Континуирано во текот на учебната година | Директор, Педагог, Професори |
| 9 | Учество во изработката на планови и програми за работа на стручните и раководните органи | Август | Директор, Педагог, Професори |
| 10 | Организирање и спроведување на Конкурсот за запишување на ученици во училиштето и формирање на паралелки во училиштето | Мај, Јуни и Август | Директор, Педагошко–психолошка служба, |

## 2.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГИ СТРУЧНИ ПОДРАЧЈА

| ред. број | Активности | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Контрола на работата на професорите | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагог,<br>Министерство за образование и наука,<br>Бирото за развој на образованието на РСМ<br>Центарот за стручно образование |
| 2 | Педагошки увид во наставата | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Стручна служба<br>Министерство за образование и наука,<br>Бирото за развој на образованието на РСМ<br>Центарот за стручно образование |
| 3 | Следење на семинари, организирање на интерни семинари за развој и усовршување на наставниот кадар | Континуирано во текот на учебната година | Директор, педагог,психолог |
| 4 | Увид во педагошката евиденција и документација и изработување и презентација на извештај од истиот | Континуирано во текот на учебната година | Директор, педагог,психолог |
| 5 | Посета на часови | Континуирано во текот на учебната година | Директор,педагог,психолог |
| 6 | Работа со стручни органи и активи:<br>- Раководители на паралелките;<br>- Совети на паралелката;<br>- Наставнички Совети; | Континуирано во текот на учебната година | Директор, педагог,психолог |
| 7 | Работа со ученици и соработка со ученички организации, спортски клубови, хуманитарни асоцијации и невладини организации и слично | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагошко–психолошка служба,<br>Професори,<br>Локална самоуправа,<br>Невладини организации,<br>Ученици |
| 8 | Работа со родители, ученици, индивидуален контакт, Совет на родители и родителско наставнички средби | По потреба | Директор, педагог<br>Психолог,<br>Професори |

### 3. АНАЛИТИЧКО - СТУДИСКА РАБОТА И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА И ДРУГИ ДЕЈНОСТИ

| **ред. број** | **Активности** | **Времереализација** | **Соработници** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Учество во реализација на интерни и екстерни проекти | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Професори |
| 2 | Испитување на карактеристични феномени на воспитно – образовната работа (неоправдано отсуство од часови, голем број негативни оценки и друго) | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагог и психолог |
| 3 | Следење и анализа на редовноста на наставниците (отсуства и ненавремено одење на часови) | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагог и психолог |
| 4 | Следење и анализа на комуникацијата помеѓу наставниците и учениците преку директно набљудување | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагог и психолог |
| 5 | Анализа на годишните и тематски планови на наставниците | Септември , Јануари | Педагог и психолог |
| 6 | Организација и спроведување на Државната матура и Завршниот испит во училиштето | Декември, Јуни, Јули, Август | Претседателна УМК,<br>Секретар на УМК,<br>Членовина УМК |
| 7 | Организација и спроведување на диференцијални, поправни испити и испити на година | Јануари, Јуни, Август | Професори<br>Педагог и психолог |
| 7 | Распределба на наставен кадар во училиштето | Јули, Август | Директор |
| 8 | Распределба на изборни предмети, проектни активности и слободни часови во училиштето | Јули, Август, Септември | Директор |

## 4. СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ВО УЧИЛИШТЕТО И СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ПОЕДИНЦИ ВОН УЧИЛИШТЕТО

| **ред. број** | **Активности** | **Временареализација** | **Соработници** |
|---|---|---|---|
| 1 | Учество во работата на стручната служба | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагог и психолог |
| 2 | Планирање и организација на | Мај, Јуни, Јули, | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | феријална пракса | Август | Секретар на училиштето<br>Класни раководители |
| 3 | Организирање и реализација наставниот предмет Учење преку работа кај работодавач | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Претставници на стопански субјекти |
| 4 | Соработка со МОН,БРО на РСМ и други стручни организации и институции | Попотреба | Директор |
| 5 | Организационо – техничко средување на училиштето, функционалност на кабинетите, фискултурната сала со спортски терени, библиотека и други функционални простории во училиштето | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Професори,<br>Педагошко–психолошкаслужба,<br>библиотекар,<br>Хаус-мајстор,<br>Хигиеничари |
| 6 | Користење на стручна литература, педагошки списанија и весници, ученичка лектира и дела за обработка, наставни средства и помагала | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Професори,<br>Педагошко–психолошкаслужба,<br>библиотекар |
| 7 | Документирање за извршени посети на часови | Континуирано во текот на учебната година | Директор,<br>Педагог |
| 8 | Консултации за сите тековни работи во организирањето на животот и работата во училиштето | Континуирано во текот на учебната година | Директор |

Помошници директори:

за настава **Сенад Сејфиќ**

за практична настава **Наташа Божиновска**